МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Национална комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија

Архивски знак:______________
Рок на чување:____________ год.
______________20____ год.
Потпис,
____________

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА
# НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на Одлуката за основање на Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/94) и Повелбата на Националните комисии за УНЕСКО, усвоена на 20. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО (1978 год), Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 23 февруари 2022 година донесе

# ДЕЛОВНИК
## за работата на Националната комисија за УНЕСКО
## на Република Северна Македонија

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој деловник се уредуваат начинот, условите за работа и надлежностите на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисија), начинот на водење на седниците и донесувањето на одлуките од страна на Комисијата.

**Член 2**

Одредбите од овој деловник се однесуваат и се применуваат на сите присутни на седниците на Комисијата.

### Конституирање на Комисијата

**Член 3**

Комисијата се смета за конституирана со денот на свикување на првата седница на која присуствувале мнозинството од вкупниот број на членови на Комисијата.

**Член 4**

Комисијата е составена од претседател, генерален секретар и најмногу до 25 членови кои ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македнија.

### Надлежности на Комисијата

**Член 5**

Комисијата, како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија ја координира и унапредува соработката на Република Северна Македонија со УНЕСКО и државите членки и ги врши работите утврдени во Одлуката за основање на Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија и во Статутот на Националната комисија за УНЕСКО.

Член 6

Комисијата ја претставува претседателот кој извршува и други должности согласно одлуките на Владата на Република Северна Македонија, како и согласно заклучоците и одлуките на Комсијата.

Член 7

Генералниот секретар ги врши следните стручни и административни работи на Комисијата:

- го координира и следи спроведувањето на одлуките и препораките на Комисијата и на телата или работните групи кои работат во областите на УНЕСКО;
- предлага програма, буџет и динамика за реализација на активностите на Комисијата, во координација со претседателот и заменик претседателот;
- се грижи за размена на информации помеѓу Комисијата, Постојаната делегација на Република Северна Македонија при УНЕСКО и ресорните министерства и другите државни органи, институции, здруженија и поедници;
- ја следи работата на владините органи и институции, локалната самоуправа, здруженијата на граѓани и поединци, вклучени во активностите на УНЕСКО и ѝ предлага на Комисијата начини за вклучување во проекти и претставници од Република Северна Македонија во работата на конкретни тела на УНЕСКО;
- се грижи за соработката со Секретаријатот на УНЕСКО;
- ја координира работата на Комисијата, ги организира и подготвува седниците и врши други работи кои произлегваат од истите.

Во остварувањето на надлежностите од став (1) на овој член, учествува и посебна административно- организациона единица во Министерството за култура.

**Работа, права и должности на комисијата**

Член 8

Комисијата работи на седници, кои ги свикува и со кои раководи претседателот, односно заменик претседателот на Комисијата назначен од претседателот. Седниците се свикуваат на иницијатива на претседателот, односно заменик претседателот на Комисијата, или на предлог на некој од членовите во соработка со Генералниот секретар.

Комисијата може да работи ако на седницата се присутни мнозинството од членовите на Комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

Претседателот на Комисијата е должен да свика седница по барање на најмалку пет членови на Комисијата, најдоцна три работни дена од приемот на барањето за одржување на седница.

Доколку претседателот односно заменикот претседател не свикаат седница во рокот од став (1) на овој член, Комисијата може да се состане без нивно присуство и полноправно да одлучува.

Седниците на Комисијата се одржуваат со физичко присуство на членовите или преку интернет платформа, доколку се присутни мнозинството членови.

Комисијата по потреба може да покани на седниците и други претставници на научни, образовни и стручни установи, установи од областа на заштитата на културното и природното наследство и други заинтересирани страни, здруженија на граѓани и фондации, претставници на медиумите и јавноста, без право на глас.

Комисијата е потребно сите повици на УНЕСКО да ги објавува на што повеќе електронски медиуми и проследува до Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор при Владата на Република Северна Македонија со цел нивно проследување до што повеќе заинтересирани институции, организации и здруженија на граѓани.

**Член 9**

Седницата на Комисијата се свикува со писмена покана или покана доставена преку електронска пошта. Истата треба да содржи датум, време и место на одржување, предлог дневен ред и материјали за седница, како и контакт лице задолжено за организирање на седницата од административно- организационата единица на Комисијата.

Поканите и материјалите им се доставуваат на членовите на Комисијата најмалку три дена пред денот определен за одржување на седницата.

По исклучок, во итни случаи, претседателот на Комисијата може да свика седница без да ги достави дневниот ред и материјалите по дневниот ред, а не подоцна од еден ден пред денот на одржување на седницата. Во тој случај дневниот ред и материјалите по точките се предлагаат на самата седница.

**Член 10**

Претседателот, односно заменик претседателот го предлага и презентира дневниот ред на седницата кој се усвојува со мнозинство гласови.

Претседателот, односно заменик претседателот на Комисијата отвора дискусија и предлага заклучок по однос на секоја точка.

**Член 11**

Членовите имаат право и обврска активно да учествуваат во работата на седниците на Комисијата, да предлагаат точки на дневниот ред или нивни изменувања и дополнувања, да учествуваат во донесување на заклучоци и одлуки.

Членовите ги информираат своите матични органи, институции и организации, за активностите на Комисијата.

Членовите вршат и други работи во рамките на надлежноста на Комисијата, доделени од страна на претседателот.

Членот на Комисијата кој е спречен да присуствува на седница треба претходно да го извести контакт лицето задолжено за организирање на истата. Тој може својот став по однос на точките од дневниот ред писмено да го достави и образложи еден ден пред одржувањето на седницата.

Доколку членот на Комисијата не присуствува на седниците повеќе од три пати едно подруго, а неговото отсуство не е оправдано, Комисијата може да и предложи на Владата на Република Северна Македонија да го разреши и да именува нов член.

**Член 12**

Одлуките, заклучоците, предлозите и други акти се донесуваат на седниците со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

Гласањето на седниците се врши јавно со изјаснување „за", „против" или „воздржан". Секој член на Комисијата има право на издвоено мислење.

Претседателот, односно заменик претседателот ги утврдува резултатите од гласањето и ги потпишува одлуките и заклучоците на Комисијата.

Комисијата може да одлучи, заради известување на јавноста за нејзината работа, да даде соопштение на средствата за јавно информирање.

**Член 13**

Записниците за работата на седниците ги води лице назначено од претседателот односно заменик претседателот, и истите се доставуваат до сите членови за евентуални интервенции.

Секој член на Комисијата може да стави забелешки на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и забелешки.

Во записникот по барање на член на Комисијата може да биде содржано и издвоено мислење.

Записникот се смета за усвоен ако членовите на Комисијата немаат забелешки, односно ако во него се извршени измени во согласност со усвоените забелешки.

На секоја седница, пред утврдување на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница.

Записникот се усвојува со мнозинство на гласови на членовите на Комисијата.

Усвоениот записник го потпишува претседателот, односно заменик претседателот.

**Член 14**

Комисијата доставува извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија еднаш на две години, пред одржувањето на Генералната конференција на УНЕСКО.

**Член 15**

За извршување на своите надлежности, а со цел ефикасна реализација на конкретни активности, проекти и програми во рамките на соработката со УНЕСКО, Комисијата може да предложи формирање на посебни стручни тела/групи/комисии од страна на засегнатите страни вклучени во соработката со УНЕСКО.

Надлежните министерства и институции, општините и засегнатите страни кои учествуваат во реализација на активностите на УНЕСКО доставуваат до

Генералниот секретар на Комисијата полугодишни извештаи за реализацијата на нивните активности.

Полугодишните извештаи по потреба се разгледуваат на седниците на Комисијата.

**Завршна одредба**

**Член 16**

Деловникот за работа на Комисијата се донесува на седница на Комисијата, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Комисијата.

**Член 17**

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА**
**ЗА УНЕСКО**

**Бисера Костадиновска - Стојчевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА-MINISTRIA E KULTURËS • СКОПЈЕ-SHKUP

**Број,** 35-2117/17
25.03 **2022 година**
**Скопје**